Соопштение до медиуми- 29.06 2015

Агенцијата за разузнавање ја информира јавноста дека во рамки на уставните, законските и демократските одредби денес во Агенцијата се одржа посета на собраниската комисија за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање. Согласно членовите 9 и 11 од законот за Агенцијата за Разузнавање се предвидува надзор над работата на Агенцијата да врши соодветна собраниска комисија.

За време на посетата, членовите на Комисијата, беа информирани за тековните активности кои ги презема Агенцијата согласно законските надлежности, за безбедносните закани со кои се соочува Република Македонија и мерките кои се превземаат за нивно превенирање, нивото на материјално-техничка опременост и кадровска пополнетост, меѓународната соработка и соработката со партнерски служби.

Од страна на раководството на Агенцијата се даде посебен осврт на активностите кои во рамки на законски утврдените надлежности се превземаат кон заканите по националната безбедност на Република Македонија, начинот на соработка и комуникација со институциите.

На членовите на Комисијата им се презентираа буџетските ресурси и потреби, одливот на кадар по основа на пензионирање, недостигот на стручно-оперативен кадар кој би се ангажирал по принцип на ваучер-систем како и потребата од модернизација на оперативно-техничките средства за ефикасно превенирање на безбедносните закани кон Република Македонија.

На крајот од состанокот директорот на Агенцијата им се заблагодари на членовите на Комисијата за посетата и искажа подготвеност за континуирана комуникација и во рамки на процесот на изготвување на извештајот кој Комисијата согласно закон го доставува до Собранието на Република Македонија. ###